Приходите остварени од работењето по налог на Град Скопје во апсолутен износ се за 3.341.878,00 ден или 2% помали во однос на 2013 г., што е релативно стабилно ниво на остварени приходи.

Сепак, најзабележетелен показател од горната табела е зголемувањето на приходите остварени од работење за други инвеститори освен Градот Скопје и тоа за 44%.

Ова е уште еден показател за подобрената ситуација во Претпријатието во однос на продуктивноста од работењето.

Имено, без дилема примарна обврска на Претпријатието кон чие извршување е безрезервно ориентирано со сите расположливи капацитети, е извршување на налозите дадени од основачот и вршење на својата примарна задача – да биде Претпријатие во функција на граѓаните.

Од друга страна пак, на ваков начин ЈП е сосема зависно од приходите остварени од работењето со Градот Скопје што може да има влијание врз неговата ликвидност и извршувањето на обврските што ги има како јавен сервис на граѓаните на Градот. Затоа во 2014 г е направен чекор напред, склучени се договори и реализирани се неколку релативно поголеми објекти со други правни лица,а тоа веднаш има свој ефект врз приходите остварени надвор од работењето за Градот – зголемувањето е за 44% или во апсолутен износ за 7.060.488,00 ден. Сето ова се разбира, без никакви негативни последици за извршувањето на налозите од основачот било во навременоста,брзината на извршување или квалитетот на извршувањето на примарните обврски.

Останува секако и во 2014 г проблемот како да се оствари директна соработка во работењето со Општините, по кој основ за жал и во оваа година како впрочем години наназад не се остварени никакви приходи. Главната причина за немањето соработка со Општините на Градот Скопје е истата со години – немањето бонитет поради неплатено ДДВ, но би требало во соработка со нив, а секако и со помош од Градот Скопје да се најдат други индиректни начини на соработка – преку

протоколи за соработка и слично.

**А1. ГРАД СКОПЈЕ**

Приходите остварени од работењето по налог на Град Скопје се дадени во следнава Табела

| Вид на приход | 2014 | % | 2013 | % | индекс 14/13 |
|---|---|---|---|---|---|
| Ред.летно одржување | 62.900.264,00 | 31,24 | 47.557.720,00 | 23,23 | 1,32 |
| Ред.зим.одржување | 27.402.322,00 | 13,61 | 25.768.458,00 | 12,59 | 1,06 |
| Хор.и верт.сигнализ. | 18.803.569,00 | 9,34 | 15.127.769,00 | 7,39 | 1,24 |
| Светлосна сигнализ. | 15.195.411,00 | 7,55 | 21.039.401,00 | 10,28 | 0,72 |
| Друго(изградба,прек.) | 77.044.816,00 | 38,26 | 95.194.912,00 | 46,51 | 0,81 |
| **Вкупно** | **201.346.382,00** | **100** | **204.688.260,00** | **100** | **0,98** |

Во редовното летно одржување, освен крпењето на ударни дупки спаѓа и чистењето на канали и на корито на р. Вардар и приходите остварени од овој тип на работи во 2014 г изнесуваат 17.404.622,00 ден (во 2013 г 19.807.309,00 ден) или намалување во 2014 г за 12,13%.

Во приходите насловени како Друго во износ од 77.044.816,00 ден структурата е следнава:

- приходи од изградба 69.180.644,00
- приходи од прекопи 4.844.271,00
- приходи од работа со градежна механизација 3.019.901,00

Како што и претходно нагласивме приходите остварени од работењето за Градот Скопје се доминантни во однос на другите приходи исто како и минатите години и учествуваат во вкупните приходи со 87,17% наспроти учеството на овие приходи во вкупните приходи во 2013 г кога овој процент е нешто поголем – скоро 90%.

Во приходите остварени од редовното работење овој процент се зголемува и изнесува 89,76.

По одделни позиции, споредбата е следнава:

- Зголемување има во најголемиот дел од дејностите кои ги обавува Претпријатието и тоа:

- 32% кај редовното летно одржување, 24% кај хоризонталната и вертикална

сигнализација и 6% кај редовното зимско одржување на сообраќајници

2.Намалување има кај две позиции и тоа:

- 28% кај Светлосната сигнализација и 19% кај другите дејности – изградба, прекопи.

3.Во апсолутен износ,приходите остварени од Изградба на нови објекти се најголеми меѓу сите останати видови приходи. Ова е исто како и во претходните години – 2013 и 2012 г.

Споредено со приходите од редовното летно одржување истата година приходите од изградба се поголеми за 10%.Ова е одличен показател кој покажува дека ЈП не е повеќе само сервис за пополнување на ударни дупки (иако и оваа дејност ја извршува максимално според налозите од Градот и согледаните потреби на терен), туку со новата механизација во состојба е и врши изградба на нови објекти (помали улици, паркинзи, игралишта и сл.)

**А2. ДРУГИ ИНВЕСТИТОРИ**

Соработката со други инвеститори, освен Градот, и приходите остварени од работењето со нив може да се анализира како два вида на работи и тоа:

- Асфалтирање на прекопи направени од поставување и поправка на водоводна, канализациона,топловодна или електрична мрежа по налог на изведувачите на мрежата и
- Асфалтирање по склучени договори за изведување работи на одредени објекти

Од првиот вид на работи во 2014 г , веќе втора година по ред не се остварени никакви приходи што е крајно загрижувачки податок имајќи предвид дека во годините наназад остварувани се и неколкупати поголеми приходи.

Проблем е што во последниве неколку години Претпријатието поради неисполнување на некои одредби од ЗЈН кои се однесуваат на бонитетот и плаќањето на јавните давачки не беше во можност да учествува на тендери во Претпријатија со кои традиционално добро соработуваше до пред 4-5 години (ЈП Водовод и канализација, ЕВН Македонија АД ). Тука е секако големата конкуренција од фирмите чија дејност е од областа на градежништвото – нискоградба и кои се опремени со современи градежни машини и висококапацитетни транспортни средства со што ЈП Улици ипатишта сеуште неможе да биде конкрентно, иако располага со квалитетен и обучен кадар кој знае и може сите тие работи да ги изврши квалитетно и навремено.

Што се однесува до вториот вид на приходи каде Претпријатието излегува на пазар,таму ситуацијата е релативно поинаква. Во 2014 г од од други инвеститори (освен Градот) остварени се за 3.341.878,00 ден поголеми приходи во однос на овој вид приходи остварени претходната година и се во износ од 22.977.714,00 ден што не е за потценување.

Овој податок само го потврдува фактот дека со новата механизација и подобра

организираност и максимално залагање Претпријатието успева како да одговори во целост на барањата и налозите за работа добиени од Градот Скопје, така и самостојно да излезе на пазар и да оствари приходи од тоа.
Сепак, тоа сеуште е минимално во однос на приходите остварени од работењето со Градот Скопје кој и понатаму останува главен инвеститор и налогодавач кој има секогаш и без никаква задршка приоритет во работењето на Јавното претпријатие Улици и патишта чиј основач е и без чија поддршка Претпријатието не би опстанало.

## А3. ОСТАНАТИ ДЕЛОВНИ ПРИХОДИ

Во оваа група на приходи структурата е следнава:

- приходи од субвенции 0 ден (0 во 2013 г)
- приходи од отпишани обврски 1.469.515,50 ден ( 1.229.284,50 во 2013 г)
- дополнително фактур.приходи 331.748,00 ден ( 191.641,50 во 2013 г)
- приходи од отпишани побарувања 123,00 ден ( 0 во 2013г)
- друго 4.853.564,00 ден ( 5.880.608,00 во 2013 г)

Се забележува дека ставката Дополнително фактурирани приходи во 2014 г е нешто зголемена, додека пак последната ставка е намалена за 17,47 %.

Во последната ставка Други приходи спаѓаат:

- приходи од претходно одложени приходи 3.901.216,00 ден
- приходи од субвенции за работници 867.947,00 ден
- приходи по основ на банкарски камати 783,00 ден
- друго (административни такси,други основи) 83.618,00 ден

Ставката Приходи од субвенции за работници се однесува на приходите кои Градот Скопје ги има префрлено на сметката на ЈП согласно Одлука на Совет на Град Скопје бр.07-808/1 за исплата на плати на дваесетина работници ангажирани во периодот од април до декември 2014 г за чистење на корито на река Вардар.

## *Б. ВКУПНИ РАСХОДИ*

Вкупните расходи од работењето во 2014 г како и споредбените показатели со 2013 г се дадени во табелата која следи.

| рб | Расходи | 2014 | % | 2013 | % | индекс 14/13 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Матер.трошоци | 97.870.654,00 | 46,23 | 100.785.387,00 | 44,91 | 0,97 |
| 2. | Нематер.трош. | 4.872.019,00 | 2,30 | 4.283.043,00 | 1,91 | 1,14 |
| 3. | Плати и др.трошоци за вработените | 85.670.770,00 | 40,47 | 84.162.925,00 | 37,51 | 1,01 |
| 4. | Камати и др.сл.расходи | 1.651.298,00 | 0,78 | 3.545.292,00 | 1,58 | 0,46 |
| 5. | Останати трош. од работењето | 21.625.306,00 | 10,22 | 31.611.269,00 | 14,09 | 0,68 |
| | Вкупно | 211.690.047,00 | 100 | 224.387.916,00 | 100 | 0,94 |

Износот на вкупните расходи во 2014 г изнесува 211.690.047,00 ден и е понизок од расходите во 2013 г. за 12.697.869,00 ден (5,66%).

Пооделните видови на трошоци, нивното учество во вкупните трошоци и соодносот со соодветните видови трошоци од минатата година ќе бидат образложени подолу во текстот.

## Б1. МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ

Структурата на материјалните трошоци е следнава:

### а) Материјали и суровини

| р.б. | Вид | 2014 | % | 2013 | % | индекс 14/13 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Битумен | 24.291.890,00 | 34,10 | 22.366.932,00 | 33,58 | 1,08 |
| 2. | Ризла | 10.077.324,00 | 14,14 | 8.255.408,00 | 12,39 | 1,22 |
| 3. | Нафта ЕЛ | 9.885.769,00 | 13,87 | 7.788.424,00 | 11,69 | 1,27 |
| 4. | Нафта Д2 | 9.213.883,00 | 12,94 | 7.495.034,00 | 11,26 | 1,23 |
| 5. | Рез.делови | 1.296.635,00 | 1,82 | 1.262.506,00 | 1,89 | 1,03 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 6. | Друго | 16.479.248,00 | 23,13 | 19.860.663,00 | 29,19 | 0,83 |
| | **Вкупно** | **71.244.749,00** | **100** | **67.028.845,00** | **100** | **1,06** |

Од Табелата погоре е видливо дека вкупниот износ на трошоците за материјали и суровини во 2014 г е повисок во однос на 2013 г за 6,29%.

Ова е резултат на зголемувањето на најголемиот број на видови трошоци за материјали и суровини што произлегува пред се на зголеменото производство на асфалт во однос на 2013 г и тоа за 2363 т или скоро за 21%.

**б) Транспортни трошоци**

Во 2014 г износот на овој вид на трошоци е минимален – изнесува само **18.291,00 ден** и е скоро 20 пати понизок за разлика од 2013 г кога износот на овие трошоци е 221.303,00 ден.

Претпријатието и понатаму, како и 3-4 години station наназад се потпира скоро целосно на транспортните средства со кои располага, иако тоа е исклучително тешко имајќи го предвид недостатокот од истите и нивната старост. Во годините што следат ќе биде скоро невозможно да се одговори на сите налози за работа кои Претпријатието ги добива ако не се набават барем  2-3 камиона со поголема носивост. Во спротивно, ќе мора да се изнајмуваат возила од други што само значи поголем одлив на пари од Претпријатието.

Во оваа група на трошоци може да се сместат и Услугите за телефонија и интернет кои изнесуваа **755.054,00 ден** и се за 279.510,00 ден пониски од истиот вид трошоци во 2013 г.

**в) Амортизација**

Амортизацијата во 2014 е минимално зголемена во однос на таа 2013 г (6.154.382,00 ден) и изнесува **6.217.407,00 ден** како резултат на некои новонабавени основни средства чиј износ на амортизација е голем со оглед на тоа што се работи за нови средства.

**г) Други материјални трошоци**

Кај оваа група на трошоци во последните 3 (три) години постои тренд на постојано намалување во вкупен износ. Споредена 2014 со 2013 г намалувањето е за 6.711.140,00 ден (25,47%) , додека пак 2013 во споредба со 2012 г покажува пониски трошоци од овој вид во апсолутен износ од 3.050.465,00 ден или 10,23 %.

Секако, најзначаен факт кој треба да се обележи е намалувањето на услугите од подизведувачи во однос на 2013 г за 31,47% како резултат на самостојното извршување на работите благодарение на обновената асфалтна база и обновената механизација во претходните години. Ова е само продолжување на позитивниот тренд од минатите години – само како пример во 2009 г за оваа намена од

Претпријатието биле одлеани 57.025.563,00 ден, а во 2008 дури 84.270.474,00 ден. Единствено позначајно зголемување има кај наемот на транспортни средства од други правни лица – 159.589,00 во 2013 г, а 1.493.849,00 ден во тековната 2014 г. Ова е сепак на ниво на претходните години – во 2012 г висината на овие трошоци е 1.590.271,50 ден. Сепак и ваквото ниво на трошоците за наем е резултат на огромните вложени напори, со скромни транспортни средства кои од година во година се се постари да се одговори навремено и квалитетно на зададените обврски.

Важно е секако да се потенцира дека оваа состојба на недостаток на помногубројни и покапацитетни возила мора да се реши, бидејќи на подолг рок е неодржлива.

| р.б. | Вид на трошок | 2014 | % | 2013 г | % | индекс 14/13 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Услуги од други | 17.106.876,00 | 87,12 | 24.960.420,00 | 93,26 | 0,68 |
| 2. | Комунални услуги | 237.516,00 | 1,21 | 299.341,00 | 1,11 | 0,79 |
| 3. | Трош.за регистр. | 207.844,00 | 1,06 | 161.277,00 | 0,61 | 1,29 |
| 4. | Услуги за одржув. | 585.068,00 | 2,98 | 764.266,00 | 2,85 | 0,76 |
| 5. | Наемнини | 1.493.849,00 | 7,61 | 159.589,00 | 0,59 | 9,02 |
| 6. | Друго | 4.000,00 | 0,02 | 1.400,00 | 1,57 | 2,86 |
| | **Вкупно** | **19.635.153,00** | **100** | **26.346.293,00** | **100** | **0,74** |

## Б2. НЕМАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ

Минимално зголемување има кај Нематеријалните трошоци кои во 2014 г се зголемени во однос на претходната 2013 г и тоа за 14%. Сепак, тие се далеку пониски (48,82%) од трошоците пред две години, а дури за 68,73 % во однос на износот на нематеријалните трошоци во 2011 г, што како факт е за почитување.

По видови трошоци состојбата е следнава:

| р.б | Вид на трошок | 2014 г | % | 2013 г | % | индекс 14/13 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Премии за осигурување | 101.039,00 | 2,07 | 195.378,00 | 4,65 | 0,51 |
| 2. | Репрезентација | 459.049,00 | 9,42 | 387.633,00 | 9,05 | 1,18 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3. | Надомест за привр.вработувања | 299.501,00 | 6,15 | 0,00 | | |
| 4. | Надомест за УО и НО | 1.360.032,00 | 27,92 | 1.227.806,00 | 28,67 | 1,11 |
| 5. | Спонзорства и донации | 123.333,00 | 2,53 | 144.000,00 | 3,36 | 0,86 |
| 6. | Други немат.трош. | 2.529.065,00 | 51,91 | 2.328.226,00 | 53,80 | 1,08 |
| | **Вкупно:** | **4.872.019,00** | **100** | **4.283.043,00** | **100** | **1,14** |

Во групата **Други нематеријални трошоци** спаѓаат :

-судски трошоци,трошоци за нотари и извршители 1.226.856,00

- банк.услуги,членарин и др.сл.расходи 250.974,00

-советувања,обуки,интелект.услуги ,преводи 617.306,00

-претплати за стручни списанија,
весници, службен весник 43.924,00

- објави во БЈН и Сл.весник на РМ 223.007,50

-останати трошоци од работењето 15.477,50

- трошоци за здравствени прегледи
за вработените 151.520,00

**Б3. ПЛАТИ**

Износот на ставката Плати и други трошоци за вработените е скоро на исто ниво како и во 2013 г, односно има минимално зголемување од 1,79%.
Фактички нема никакво покачување на платите освен она кое е резултат на порастот на животните трошоци согласно со закон дозволеното покачување на плати поради порастот на животни трошоци во 2014 г.

**Б4. КАМАТИ**

Ставката Камати во 2014 г е намалена во однос на 2013 г – **1.651.298,00** ден во 2014 наспроти 3.545.292,00 ден во 2013 г, а тоа се камати платени по изгубени судски спорови поради неплатени обврски и поголем дел за надомест на штета согласно одредбите од Законот за безбедност во сообраќајот.

**Б5. ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ**

Оваа категорија на трошоци во 2014 г бележи намалување во однос на 2013 г – за 31,59% како резултат на намалување на ставката Вредносно усогласување на побарувања како резултат на помалку утужени ненаплатени побарувања во однос на 2013 г,како и на намалувањена износот на отпишани ненаплатени побарувања согласно Законот за облигациони односи.

Ова значи дека Претпријатието во 2014 г своите побарувања главно ги наплаќало по редовен пат..
По видови состојбата е како што следи:

| р.б | Вид на трошок | 2014 г | % | 2013 г | % | индекс 14/13 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Дополнит.утврд. трошоци | 20.370.693,00 | 0,94 | 20.041.555,00 | 63,40 | 1,01 |
| 2. | Отпис на застар.побар. и вредн.усогласување на побар. | 469.818,00 | 0,02 | 11.316.063,00 | 35,80 | 0,04 |
| 3. | Казни,пенали и надом.на штети | 784.805,00 | 0,04 | 253.651,00 | 0,80 | 3,09 |
| | **Вкупно** | **21.625.316,00** | **100** | **31.611.269,00** | **100** | **0,68** |

## *АНАЛИЗА НА ИЗВЕШТАИТЕ КОИ СЕ СОСТАВЕН ДЕЛ НА ГОДИШНАТА СМЕТКА*

Сознанија и показатели за работењето на ЈП Улици и патишта Скопје за периодот 01.01.-31.12.2014 г може да се добијат и преку анализа на финансиските извештаи ( обрасци) за Годишната сметка за 2014 г.
Составни делови (обрасци) на Годишната сметка на кои ќе се направи анализа, се:

- Билансот на успех ( Извештај за добивка или загуба)
- Билансот на состојба ( Извештај за финансиската состојба)
- Даночниот биланс

**Извештај за финансиската состојба**

- **БИЛАНС НА УСПЕХ**

| Извештај за добивка или загуба | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Р. Бр.** | **конто** | **ПОЗИЦИЈА** | **АОП** | **Остварени резултати во 2014** | **Остварени резултати во 2013** | **Струк турни показа тели** | **Индек сни показ атели** |
| **А.** | | **ВКУПНИ ПРИХОДИ: (201 + 223 + 244)** | **збир** | **230979047** | **227907020** | | **1,01** |
| **1.** | | **ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО (202 + 203 + 206)** | **201** | **230978141** | **226517516** | **0,99** | **1,02** |
| 2. | | Приходи од продажба | 202 | 224324096 | 220605486 | 0,97 | **1,02** |
| 3. | | Останати приходи | 203 | 6654045 | 5912030 | 0,03 | **1,12** |
| 4. | | Залихи на готовите производи и на недовршено производство на почетикот на годината | 204 | | | | |
| 5. | | Залихи на готовите производи и на недовршено производство на крајот на годината | 205 | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6. | | Капитализирано сопствено производство и услуги | 206 | | | | |
| **7.** | | **ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ (224+229+230+231+232+233)** | **223** | 906 | 1389504 | **0,01** | |
| 8. | | Финансиски приходи од односи со поврзани друштва | 224 | | | | |
| 9. | | Приходи од вложувања во неоврзани друштва | 229 | | | | |
| 10. | | Приходи по основ на камати од работење со неповрзани друшт | 230 | 906 | 1389504 | 0.01 | |
| 11. | | Приходи по основ на курсни разлики од работње со неповрзани друштва | 231 | | | | |
| 12. | | Нереализирани добивки (приходи) од финансиски средс | 232 | | | | |
| 13. | | Останати финансиски приходи | 233 | | | | |
| **Б.** | | **ВКУПНИ РАСХОДИ: (204-205+207+234+245)** | **збир** | **211690047** | **224387916** | | **0,94** |
| **1.** | | **РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО (208 до 213) и (218 до 222)** | **207** | 210038749 | 220842624 | **0,99** | **0,95** |
| 2. | | Трошоци за суровини и други материјали | 208 | 71244749 | 67028845 | | 1,06 |
| 3. | | Набавна вредност на продадени стоки | 209 | | | | |
| 4. | | Набавна вредност на продадени материјали, резервни делови, ситен инвентар, амбалажа и и автогуми | 210 | | | | |
| 5. | | Услуги со карактер на материјални трошоци | 211 | 20408498 | 27602160 | | **0,74** |
| 6. | | Останати трошоци од работењето | 212 | 4872019 | 4283043 | | **1,14** |
| 7. | | Трошоци за вработени | 213 | 85670770 | 83838163 | | **1,02** |
| 8. | | Останати трош. за вработените | 217 | 321972 | 324762 | | **0,99** |
| 9.. | | Амортизација на материјалните и нематеријалните средства | 218 | 6217407 | 6154382 | | **1,01** |
| 10. | | Вредносно усогласување (обезвреднување) | 219 и 220 | 469818 | 11316063 | | **0,04** |
| 11. | | Резервирања за трошоци и ризици | 221 | | | | |
| 12. | | Останати расходи од работењето | 222 | 21155488 | 20295206 | | **1,04** |
| **13.** | | **ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ (235+239+240+241+242+243)** | **234** | **1651298** | **3545292** | **0,01** | **0,46** |
| 14. | | Финансиски расходи од односи со поврзани друштва | 235 | | | | |
| 15. | | Расходи по основ на камати ... | 239 | | | | |
| 16. | | Расходи по основ на курсни разлики.... | 240 | | | | |
| 17. | | Нереализирани загуби (расходи) од финан. средства | 241 | | | | |
| 18. | | Вредносно усогласување на финансиски средства и вложув. | 242 | | | | |
| 19. | | Останати финансиски расходи | 243 | 1651298 | 3545292 | | 0,46 |
| 20. | | Удел во добивката на придружните друшва | 244 | | | | |
| 21. | | Удел во загубата на придружните друштва | 245 | | | | |
| **В.** | | **ДОБИВКА ОД РЕДОВНОТО РАБОТЕЊЕ (А-Б)** | **246** | 19289000 | 3519104 | | **5,48** |
| **Г.** | | **ЗАГУБА ОД РЕДОВНОТО РАБОТЕЊЕ (Б-А)** | **247** | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | | Нето добивка од прекинати работења | 248 | | | | |
| 2. | | Нето загуба од прекинати работења | 249 | | | | |
| **Д.** | | **ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ (246 + 248)** | **250** | **19289000** | **3519104** | | **5,48** |
| **Ѓ.** | | **ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ (247 + 249)** | **251** | | | | |
| Е. | | **ДАНОК НА ДОБИВКА** | **252** | 2146323 | 1278274 | | **1,68** |
| Ж. | | Одложени даночни приходи | 253 | | | | |
| З. | | Одложени даночни расходи | 254 | | | | |
| **И.** | | **НЕТО ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА (Д-Е+Ж-З)** | **255** | 17142677 | 2240830 | | **7,65** |
| **Ј.** | | **НЕТО ЗАГУБА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА (Г+Е-Ж+З)** | **256** | | | | |
| **1.** | | **Просечен број на вработени** | **257** | 226 | 227 | | |
| **2.** | | **Број на месеци на работење** | **258** | 12 | 12 | | |
| **3.** | | **ДОБИВКА/ЗАГУБА ЗА ПЕРИОДОТ** | **259** | 17142677 | 2240830 | | **7,65** |

Следи анализа на поедините позиции од Билансот на успех во кој се внесени приходите и расходите за период 01.01.-31.12.2014 г и кој е составен дел од Годишната сметка за 2014 г .

- **ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО**

Вкупните приходи остварени од работењето во 2014 г изнесуваат 230.979.047,00 ден ( во 2013 г 227.907.020,00 ден) или има зголемување за 1,35%.

**А1. Приходите од продажба на услуги** согласно дејностите на Претпријатието изнесуваат 224.324.096,00 ден и се остварени главно од работењето со Градот Скопје и тоа 89,76%. Останатите приходи од овој вид се остварени од работењето со други инвеститори – 10,24%.

**А2. Останати приходи**

Во оваа група на приходи спаѓаат:

- приходи од претходно одложени приходи 3.901.216,00
- приходи од отпис на обврски 1.469.515,50
- приходи од поранешни години 331.748,00
- приходи од субвенции за работници 867.947,00
- други приходи 83.618,00

______________

**Вкупно: 6.654.044,50**

**А3. Финансиски приходи**

Во оваа група на приходи спаѓаат приходите остварени од камати и се во износ од 906,00 ден.

**Б. РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО**

Структурата на прикажаните расходи од работењето кои се во вкупен износ од 211.690.047,00 ден и се за 5,66 % помали од расходите во 2013 г (224.387.916,00 ден) е следнава:

**Б1. Трошоци за суровини и материјали** – изнесуваат 71.244.749,00 ден и се за 6,29% повисоки од истите во 2013 г што е нормално со оглед на поголеми остварени приходи, притоа имајќи предвид дека нашето Претпријатие остварува приходи од производство и вградување асфалт каде се трошат материјали.Во расходите од работењето материјалните трошоци учествуваат со 33,92%.

**Б2. Услуги со карактер на материјални трошоци** – изнесуваат 20.408.498,00 ден и ги вклучуваат транспортните трошоци, трошоците за подизведувачи, комуналните трошоци и сл. Овој вид на трошоци во расходите од работењето учествува со 9,72%, а заедно со трошоците за суровини и материјали овој процент е 43,64%.

.

**Б3. Останати трошоци од работењето** – се во износ од 4.872.019,00 ден и во вкупните трошоци учествуваат со 2,32%.

**Б4. Трошоците за вработените** во вкупните трошоци учествуваат со 40,79% што е на нешто повисоко ниво од 2013 г.(38,11%)

**Б5. Амортизација** – кај овој вид на трошок има минимално зголемување во однос на 2013 г - за 1,02% . Релативно високиот износ на амортизацијата е резултат на добиените средства од Градот во претходните години. За разлика од нив, затечените средства се скоро целосно отпишани.

**Б6. Вредносно усогласување** – ова се трошоци од отпис на основни средства,застарени неутужени побарувања како и на утужените ненеплатени побарувања согласно законските прописи и изнесуваат 469.818,00 ден.

**Б7. Останати расходи од работењето** – ги опфаќаат:

- останати расходи од работењето 21.155.488,00
- финансиски расходи 1.651.298

- **БИЛАНС НА СОСТОЈБА**

# Извештај за финансиската состојба

| Р.Бр. | КОНТО | ПОЗИЦИЈА | АОП | Состојба на 31.12.2014 г | Состојба на 31.12.2013 | Структурни показатели | Индексни показатели |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **АКТИВА** | **063** | **189344356** | **196919786** | | **0,96** |
| **А.** | | **НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | **001** | 31450978 | 36519422 | **16,60** | **0,86** |
| **I.** | | **НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА** | **002** | 67591 | 148309 | 0,21 | **0,45** |
| **II.** | | **МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА** | **009** | 30698397 | 35686123 | 97,61 | **0,86** |
| **III.** | | **ВЛОЖУВАЊА ВО НЕДВИЖНОСТИ** | **020** | | | | |
| **IV.** | | **ДОЛГОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА** | **021** | 684990 | 684990 | 2,18 | **1** |
| **V.** | | **ДОЛГОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА** | **031** | | | | |
| **VI.** | | **ОДЛОЖЕНИ ДАНОЧНИ СРЕДСТВА** | **035** | | | | |
| **Б.** | | **ТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | **036** | 157710098 | 160217084 | **83,40** | **0,98** |
| **I.** | | **ЗАЛИХИ** | **037** | 15961322 | 12638635 | **10,12** | **1,26** |
| **II.** | | **СРЕДСТВА ЗА ОТУЃУВАЊЕ...** | **044** | | | | |
| **III.** | | **КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА** | **045** | 141085900 | 145954326 | **89,46** | **0,96** |
| **IV.** | | **КРАТКОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА** | **052** | 249672 | 49672 | **0,16** | **5,03** |
| **V.** | | **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ** | **059** | 413204 | 1574451 | **0,26** | **0,26** |
| **VI.** | | **ПЛАТЕНИ ТРОШОЦИ ЗА ИДНИТЕ ПЕРИОДИ И ПРЕСМЕТАНИ ПРИХОДИ (АВР)** | **062** | 183280 | 183280 | | **1** |
| **В.** | | **ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА - АКТИВА** | **064** | | | | |
| | | **ПАСИВА** | **111** | **189344356** | **196919786** | | |
| **А.** | | **ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ** | **065** | -12194183 | -29336859 | **3,38** | |
| **I.** | | **ОСНОВНА ГЛАВНИНА** | **066** | 23185342 | 23185342 | | **1** |
| **II.** | | **ПРЕМИИ НА ЕМИТИРАНИ АКЦИИ** | **067** | | | | |
| **III.** | | **СОПСТВЕНИ АКЦИИ** | **068** | | | | |
| **IV.** | | **ЗАПИШАН, НЕУПЛАТЕН КАПИТАЛ (-)** | **069** | | | | |
| **V.** | | **РЕВАЛОРИЗАЦИСКА РЕЗЕРВА И РАЗЛИКИ ОД ВРЕДНУВАЊЕ НА КОМПОНЕНТИ НА ОСТАНАТА СЕОПФАТНА ДОБИВКА** | **070** | 87853 | 87853 | | **1** |
| **VI.** | | **РЕЗЕРВИ** | **071** | 751613 | 751613 | | **1** |
| **VII.** | | **АКУМУЛИРАНА ДОБИВКА** | **075** | | | | |
| **VIII.** | | **ПРЕНЕСЕНА ЗАГУБА (-)** | **076** | -53361667 | -55602497 | | **0,95** |
| **IX.** | | **ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА** | **077** | 17142677 | 2240830 | | |
| **X.** | | **ЗАГУБА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА (-)** | **078** | | | | |
| **XI.** | | **ГЛАВНИНА НА СОПСТВЕНИЦИТЕ НА МАТИЧНОТО ДРУШТВО** | **079** | | | | |
| **XII.** | | **НЕКОНТРОЛИРАНО УЧЕСТВО** | **080** | | | | |
| **Б.** | | **ОБВРСКИ** | **081** | 182951332 | 204494578 | **96,62** | |
| **I.** | | **ДОЛГОРОЧНИ РЕЗЕРВИРАЊА ЗА РИЗИЦИ И ТРОШОЦИ** | **082** | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| II. | | ДОЛГОРОЧНИ ОБВРСКИ | 085 | | | | |
| III. | | ОДЛОЖЕНИ ДАНОЧНИ ОБВРСКИ | 094 | | | | |
| IV | | КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ | 095 | 182951332 | 204494578 | | 0,89 |
| V. | | ОДЛОЖЕНО ПЛАЌАЊЕ НА ТРОШОЦИ И ПРИХОДИ НА ИДНИТЕ ПЕРИОДИ (ПВР) | 109 | 18587206 | 21762067 | | 0,85 |
| VI | | ОБВРСКИ ПО ОДНОС НА НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА..... | 110 | | | | |
| В. | | ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА - ПАСИВА | 112 | | | | |

При анализата на позициите од Билансот на состојба ( Извештај за финансиската состојба) најнапред мора да се укаже на фактот дека Претпријатието неколку години наназад е со деловен фонд со негативен предзнак, односно главнината и резервите се недоволни да ја покријат акумулираната загуба.

**АКТИВА**

**А. НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА**

**А1. Нематеријални средства**

Како Нематеријални средства се евидентирани софтверите со сегашна вредност во износ од 67.591,00 ден

**А2. Материјални средства**

Во групата на Материјални средства најголемо е учеството на постројките и опремата кои учествуваат во вкупниот износ со 97,77%, додека алармантно ниско е учеството на транспортните средства кои се еден од најважните фактори за извршување на задачите и изнесува само 2,23%.

**А3. Долгорочни финансиски средства**

Тука се евидентирани вложувањата во акционерски капитал кои се добиени со поделбата на ЈКП Комуналец во 1992 г.

**Б. ТЕКОВНИ СРЕДСТВА**

**Б1. Залихи**

На позицијата Залихи во БС е евидентиран износ од 15.961.322,00 ден и во него најголемо е учеството на залихите на суровини и материјали 73,35%, а остатокот се залихи на резервни делови,ситен инвентар,амбалажа и автогуми.

**Б2. Краткорочни побарувања**

На оваа позиција во БС најголем е износот на побарувања од купувачите од 140.325.849,00 и тоа 99,46%. Остатокот го сочинуваат побарувања по други основи – аванси,побарувања од државата за повеќе платени даноци и др.

**Б3. Парични средства и парични еквиваленти**
На 31.12.2014 г на сметките на ЈП Улици и патишта Скопје имало 413.204,00 ден.

**Б4. Платени трошоци за идни периоди (АВР)**
На оваа позиција се евидентирани премиите за осигурување.

**ПАСИВА**

**А. ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ**

**А1. Основна главнина**
Основната главнина на ЈП изнесува 23.185.342,00 ден.

**А2. Ревалоризациона резерва**
На оваа позиција во БС е евидентиран износ од 87.853,00 ден и е резултат на извршена ревалоризација на средства во претходните години.

**А3. Резерви**
Законските резерви се во износ од 751.613,00 ден и ќе се искористат за покривање на дел од загубите.

**А4.Пренесена загуба**
Пренесената (акумулирана)загуба изнесува 53.361.667,00 ден како резултат на загуби во неколку последователни години пред 2010 г.
Со добивката од оваа 2014 г во износ од 17.142.677,00 ден загубата ќе биде значително намалена.

**Б. ОБВРСКИ**

**Б1. Краткорочни обврски**
Во групата на краткорочни обврски структурата е следнава:

- обврските кон добавувачите 49,08%
- обврски кон вработените 7,00%
- даночни обврски 43,22%
- останати обврски 0,70%

**Б2. Одложено плаќање на трошоци (ПВР)**
На оваа позиција се евидентирани основните средства кои се добиени со Одлука од Советот на Град Скопје во изминатите периоди.

- **ДАНОЧЕН БИЛАНС**

Составен дел на Годишната сметка е и Даночниот биланс во кој се внесени даночно непризнаените расходи од работењето за периодот и повторно, со враќање на старото законско решение, и добивката за тековната година.
За периодот 01.01.-31.12.2014 г даночната основа се состои од:

- добивка по годишна сметка (пред оданочување) 19.289.000,00
- трошоци за репрезентација 419.882,00
- парични и даночни казни 1.045.778,00
- траен отпис на побарувања 421.335,00
- позајмици на поврзани субјекти 200.000,00
- други усогласувања на расходи 87.231,00

На вака утврдената даночна основа во износ од **21.463.226,00 ден** е пресметан данок во износ од **2.146.323,00 ден** со кој износ се намалува бруто добивката од **19.289.000,00 ден** и се добива нето добивка од **17.142.677,00 ден**.

Изготвил
Сектор Финансии
Виолета Стаменовска

Д и р е к т о р
Синиша Ивановски